| | |
|---|---|
| Неделна тема | „Моето семејство- мое богатство“ |
| Содржина на денот: | „Во Зоолошка градина со мама и тато“ |
| Возраст: | 3-4 години |
| Воспитувач: | Адријана Станков |
| | Дневни активности |
| Здрави и безбедни навики: | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во пошироката околина.(сл.1) |
| Активности: | Најпрво гледајте фотографии, видео запис, емисии за животните (сл.2, 3).Кажете му на детето дека животните во Зоолошка градина се собрани од целиот свет и дека за нив се грижи човекот.Тие се хранат со специјална храна и затоа нема потреба ние да им даваме друга храна.Животните треба да ги сакаме и понекогаш да се грижиме за нив.<br>Пред да излезете од Вашиот дом разговарајте со детето дека е неопходно да понесете сосебе маска и средства за дезинфекција.Детето треба да знае како да се однесува кога се оди на прошетка во Зоолошката градина(како да држи растојание, како правилно да ја носи маската, предметите во околината да не се допираат со рацете, рацете треба постојано правилно да се мијат)(сл.4).<br>Во Зоолошка градина разговарајте за животните што детето ги гледа во непосредната околина.Дозволете му на детето да ги опишува.<br>Во домот можете да ја играте играта „Пантомима на животни“.Детето имитира некое животно, а Вие погодувате за кое животно станува збор, или обратно.Можете да му понудите на детето да го нацрта најомиленото животно од Зоолошката градина. |